**20131513590**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 211, став 6 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2013) Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности на седницата одржана на 17.10.2013 година, донесе

## Г О Д И Ш Н А   П Р О Г Р А М А
## ЗА АЖУРИРАЊЕ ПОДАТОЦИ ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ ЗА 2013 ГОДИНА

I.

Со оваа годишна програма, Агенцијата за катастар на недвижности има цел во општина Берово да врши ажурирање на податоците во катастарот на недвижности по службена должност преку вршење дополнителен премер и зголемување на процентот на запишани права во катастарот на недвижности, за катастарските општини кои пред влегувањето во сила на катастарот на недвижности биле со катастар на земјиште востановен врз основа на пописен катастар и за кои процентот на незапишани права при востановувањето на катастарот на недвижности е поголем од 20%.

II.

Ажурирањето на податоците во катастарот на недвижности по службена должност ќе отпочне во четвртиот квартал од 2013 година, за следните катастарски општини: Владимирово, Двориште, Ратево и Русиново.

Активностите за остварување на наведената цел се дадени во следната табела:

| Р.Б. | Активност | Временска рамка | |
|---|---|---|---|
| | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) |
| 1 | Информирање на месното население во КО Ратево преку локални медиуми | октомври 2013 | ноември 2013 |
| 2 | Вршење увид и премер на самото место по барање на странка во КО Владимирово | ноември 2013 | декември 2013 |
| 3 | Запишување на правата на недвижностите по службена должност во КО Владимирово | декември 2013 | декември 2013 |
| 4 | Информирање на месното население во КО Ратево, Двориште и Русиново преку локални медиуми | декември 2013 | декември 2013 |

Финансиските средства за реализација на активностите поврзани со ажурирањето на податоците во катастарот на недвижности по службена должност во 2013 година се обезбедени од самофинансирачките средства на Агенцијата, Програма 10 и 20.

III.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 01-16337/5
17 октомври 2013 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Анета Јорданова,** с.р.